ЕСМ ПРОДАЖБА

Архивски знак: 0907
Рок на чување: 10 год.
25-09-2024 20 год.
Потпис,

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 09 – 2281/1
25-09-2024 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр.04-2024**
**за прибирање на понуди за набавка на природен гас**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по Јавен повик бр.04-2024 е ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11-ти Октомври бр.9, Скопје.

1.2 Предмет на набавка е **природен гас** со следните технички карактеристики:

**Хемиски состав, mol %**

| | |
|---|---|
| Метан (C1) | минимум 75 |
| Азот (N2) | максимум 6 |
| Јаглерод диоксид (CO2) | максимум 3 |

**Бруто (горна)калориска вредност**
Максимална 13,67 kWh/m3
Минимум 10,17 kWh/m3

**Вобе индекс**
Максимална 16,33 kWh/m3
Минимум 13,07 kWh/m3

**Точка на росење на водата**
Не повисока од минус 8 степени Целзиусови при притисок од 39,2barg

**Температура на природен гас**
од +0° C до +50° C

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност што треба да се користат за мерење и пресметки на природен гас се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 бари(апсолутен)) за вистински сув гас.

1.3 Продавачот е должен да достави Сертификат за квалитет на природен гас на прекугранична излезна точка ГМС Ќустендил / Жидилово најдоцна до 10 работни дена по завршување на месецот на испорака.

1.4 Период на набавката 01.10.2024 (06:00) до 01.01.2025 (06:00) година, во количини од:

Табела 1

| 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| **Количини-MWh** | **Октомври** | **Ноември** | **Декември** |
| минимална месечна количина | 11.800 | 43.350 | 91.680 |
| минимална дневна најава | 439 | 738 | 1.381 |
| максимална дневна најава | 1.941 | 2.753 | 4.469 |
| дополнителна дневна најава | 1.880 | 2.255 | 2.806 |

1.5 Дополнителните дневни најави се необврзувачки за купувачот и истите може да се реализираат на барање на купувачот, со претходна најава.

1.6 Бараните количини за месец октомври се со флексибилен датум на почеток за период од 01.10.2024 – 14.10.2024 година и со флексибилни датуми на испорака и флексибилни дневни количини на испорака, со можност за еднодневни еднократни испораки.

1.7 Купувачот е обврзан да ги плати, а продавачот да ги испорача минималните месечни количини за соодветниот месец.

1.8 Точка на испорака: главна мерна станица (ГМС) Жидилово.

1.9 Понудата не е делива.

1.10 Повикот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица регистрирани за ваква дејност.

1.11 Рокот за доставување на првични понуди по Јавниот Повик бр.04-2024 е на **27.09.2024 година**, во период **од 09:00 до 10:00 часот** на е-маил адреса: ponudi@esm-prodazba.mk.

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата се доставува на Образец бр.1 даден во прилог на Јавен повик бр.04-2024.

2.2 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека во цената се вкалкулирани сите царински давачки, такси и други дополнителни трошоци кои може да произлезат.

2.3 Предмет на евалуација на понудите: **понудената маржа изразена во апсолутна вредност ЕУР/MWh,** изразена на 2 (две) децимални места.

2.4 Услови на плаќање: Купувачот ги плаќа минималните месечни количини на природен гас, месечно авансно, по издадена профактура од страна на продавачот. Плаќањето и издавањето на профактурата во тековниот месец за наредниот месец ќе биде согласно календарот даден во табела бр.2, во 4 (четири) сукцесивни периоди:

ЕСМ ПРОДАЖБА

Табела 2

| Октомври | | Ноември | | Декември | |
|---|---|---|---|---|---|
| Период | Датум на издавање/плаќање | Период | Датум на издавање/плаќање | Период | Датум на издавање/плаќање |
| 01-09.10.2024 | 30.9.2024 | 01-10.11.2024 | 30.10.2024 | 01-08.12.2024 | 28.11.2024 |
| 10-16.10.2024 | 7.10.2024 | 11-17.11.2024 | 6.11.2024 | 09-15.12.2024 | 5.12.2024 |
| 17-23.10.2024 | 14.10.2024 | 18-24.11.2024 | 13.11.2024 | 16-22.12.2024 | 12.12.2024 |
| 24-31.10.2024 | 21.10.2024 | 25-30.11.2024 | 20.11.2024 | 23-31.12.2024 | 19.12.2024 |

2.5 Цената на природниот гас во профактурата се пресметува на следниов начин:

**$C_p = C_{TTF}$ + маржа изразена во апсолутна вредност ЕУР/MWh**

$C_p$ – цена во профактурата по која економскиот оператор го продава природниот гас на купувачот

$C_{TTF}$ – цена на Dutch TTF на денот на издавање на профактурата, на пазар - ден однапред (day ahead)

**Како цена на Dutch TTF на пазар - ден однапред (day ahead) се зема цената од следниов линк: https:**

https://tradingeconomics.com/commodity/eu-natural-gas

Забелешка: за деновите кога нема податоци за одредување на дневна цена, ќе се земе предвид цената од претходниот ден.

2.6 Продавачот се обврзува во рок од 10 дена по истекот на месецот да достави конечна фактура со пресметка за номинираната-потврдена количина и цени на природен гас.

2.7 Износот на конечната фактура ќе претставува сума од производот на номинираната количина на природен гас за соодветниот ден (Kn) и цената на природниот гас за соодветниот ден (Cn) зголемена за маржата, и се пресметува по следнава формула:

$$\mathrm{I} = \sum_{n=1}^{n}[(\mathrm{Kn} * (Cn + Маржа)]$$

каде што:

I – вкупен износ на конечната фактура

n – број на денови во месецот

Kn – номинирани количини за денот n

Cn – цена на Dutch TTF берза на денот n

2.8 Единечната цена во конечната фактура за цел месец, претставува количник од вкупниот износ (I) и вкупните месечни номинирани количини (К).

2.9 Во случај на позитивна разлика помеѓу потврдените месечни номинации и платените минимални количини, финансиското порамнување ќе се изврши во конечната фактура за соодветниот месец.

2.10 Во случај на негативна разлика помеѓу потврдените месечни номинации и платените минимални количини, непреземените количини до нивото на минимална месечна количина, ќе се пресметуваат и ќе се платат по единечната цена која претставува количник од вкупниот износ (I) и вкупните месечни номинирани количини (К).

2.11 Начин на обезбедување: Продавачот е должен најдоцна до 05.10.2024 година да достави банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, со важност најмалку од 05.10.2024 до 15.01.2025 година, на износ од 63.000.000,00 мкд.

2.12 Динамика на доставување на дневни номинации за потребни количини на природен гас: Д-1.

2.13 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1 Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:

- Скенирани оригинали, заверени со печат ипотпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса: ponudi@esm-prodazba.mk
- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: **ponudi@esm-prodazba.mk**

## 4. ПОСТАПКА ЗА ОТВАРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

-

4.1. Постапката за прием, отворање и евалуација на понудите ќе се одвива во 3 (три) круга:

- Првична понуда
- Подобрена понуда
- Конечна понуда

4.2. Првична понуда: доставување на 27.09.2024 во период од 09:00 до 10:00 часот на е-маил адреса ponudi@esm-prodazba.mk

4.3. Подобрена понуда: доставување на 27.09.2024 година во период од 10:30 до 11:00 часот на е-маил адресата ponudi@esm-prodazba.mk

ЕСМ ПРОДАЖБА

4.4. Конечна понуда: доставување на 27.09.2024 година во период од 11:30 до 12:00 часот на е-маил адресата ponudi@esm-prodazba.mk

4.5. Важност на понудата: понудата треба да е со важност најмалку до 30.09.2024 до 14:00 часот.

4.6. Известување за избор на најповолна понуда, до понудувачите кои учествувале на јавниот повик бр.04-2024 ќе се достави најдоцна до 27.09.2024 до 16:00 часот.

4.7. Потпишување на договор (модел на договор даден во прилог на Јавниот повик) најдоцна до 30.09.2024 до 12:00 часот.

4.8. Доколку се појават понуди со исти цени, ќе биде избрана понудата на економскиот оператор кој прв ја доставил понудата.

4.9. Во случај на неможност да се склучи договор со понудувачот со прворангирана понуда, се избира второрангираната понуда која ги исполнува условите наведени во овој јавен повик.

4.10. ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје го задржува правото да ја поништи постапката и да не изврши избор по Јавен повик бр.04-2024.

За сите прашања во врска со Јавниот Повик бр.04-2024 може да се обратите на e-mail: zorica.trpkovska@elem.com.mk.

**ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ**

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ СКОПЈЕ